# Отворен пристап

**Отворен пристап** претставува бесплатна достапност на дигитални содржини преку интернет. Најпозната и најлесно изведлива форма на отворен пристап е објавување рецензирани научни трудови од академски списанија без очекување авторите да бидат платени за тоа

Интернетот им обезбеди на истражувачите да ги објават резултатите од своите истражувања да бидат достапни за сите во секое време. Ова се однесува на написи во списанија, без разлика дали нивната библиотека е претплатена на списанието во коешто се објавени написите, како и на други резултати од истражувања како што се конференциски документи, тези или извештаи од истражувања. Ова е познато како отворен пристап.

Истражувачите ги објавуваат своите резултати за да воспостават свои ставови за истражувањето и да им овозможат на други истражувачи да градат врз нив. Во случајот со написи во списанија, само најбогатите институции можат да си дозволат разумен дел од сите објавени академски списанија и затоа истражувањето и пристапот до такви написи не бил секогаш лесен за повеќето истражувачи. Отворениот пристап го променува сето ова.

## Што е отворен пристап?

Литературата за истражување со отворен пристап е составена од слободни, онлајн копии на рецензирани написи и конференциски документи, како и технички извештаи, тези и работни документи. Најчесто не постојат ограничувања со лиценцирање на нивната употреба од страна на читателите. Според тоа тие можат слободно да се користат за истражувања, предавања и други потреби.



## Што не е отворениот пристап?

Постојат разни недоразбирања околу отворениот пристап. Отворениот пристап не е самостојно издаваштво, ниту начин да се заобиколат рецензиите и публикациите, ниту е некој вид второкласно, евтино издаваштво. Едноставно, отворениот пристап е средство со коешто резултатите од истражувањата се слободно достапни онлајн за целата истражувачка заедница.

## Како се обезбедува отворен пристап?

Отворениот пристап може да се обезбеди на разни начини. Истражувачот може да стави копија од секој напис во архива со отворен пристап или складиште на документи, или може да објавува написи во списанија со отворен пристап. Исто така, истражувачот може да стави копија од секој напис на свој веб-сајт или на веб-сајтот на институцијата. Трите начини за отворен пристап обезбедуваат многу поголем пристап до написите отколку истите да се скриени во списанија за коишто треба да се плати претплата. Првите два начини претставуваат многу посистематизиран и поорганизиран пристап отколку третиот и ги максимизираат

### Водич за информатички и комуникациски технологии (ИКТ)

Ова е вториот од серијата кратки документи за различните аспекти на ИКТ и информатичкото општество. Водичот е резултат на соработката на Фондацијата Метаморфозис и ЈИСЦ, и е наменет за оние кои се заинтересирани околу прашањата поврзани со отворениот пристап, а особено за студенти, професори, истражувачи, издавачки куќи.

Ова издание, како и првото издание на водичот „Кој владее со интернетот? Што е ИКАНН?" е достапно во електронски формат на веб-сајтот на Метаморфозис www.metamorphosis.org.mk.

За печатени верзии пишете на info@metamorphosis.org.mk.

шансите другите истражувачи да ги лоцираат и да ги прочитаат написите.

Архивите или складиштата на документи со отворен пристап се дигитални колекции на истражувачки написи што се поставени од нивните автори. Во случајот со написите во списанија, тоа може да биде направено или претходно (пред-печатење) или по објавувањето (по-печатење). Овој начин е познат како „самостојно архивирање". Овие складишта на документи ги прикажуваат метаподатоците за секој напис (наслов, автор и други библиографски детали) во формат кој одговара на Протоколот на иницијативата за отворен пристап за собирање метаподатоци (Open Archives Initiative Protocol for Metadata Harvesting) - OAIPMH.

За да пристапите до содржината на овие архиви може да го користите пребарувачот Гугл (Google) или еден од специјализираните пребарувачи за попрецизно и поефикасно пребарување. Специјализираните пребарувачи систематски ја собираат содржината на архивите низ светот, правејќи база на податоци од тековното глобално пребарување. Складиштата на документи со отворен пристап можат да бидат мултидисциплинарни и да се лоцирани на универзитети или други истражувачки институции, или можат да бидат централизирани и само за една област, како што се оние коишто покриваат определени области од физиката или сродни дисциплини, наречени арХив (arXiv). Во почетокот на 2005 година постоеја скоро 40 архиви со отворен пристап во Велика Британија, а голем број универзитети и истражувачки институции планираа да направат свои.



Списокот на архиви со отворен пристап во Велика Британија го одржува Епринтс.орг (Eprints.org) од Универзитетот во Саутемптон. Ако вашата институција нема архива, на овој сајт можат да се најдат детални информации за тоа како да се направи. Самостојното архивирање е меѓународно движење што брзо се раз-

## Иницијатива за Отворен пристап во Македонија

Отворениот пристап (ОП) претставува слободна достапност на дигитални содржини на интернет. ОП е најпознат и најпогоден начин за рецензирани научни и академски написи коишто истражувачите ги објавуваат без да очекуваат да бидат платени за тоа.

Иако повеќето академски институции во Македонија објавуваат весници, повеќето од нив го прават тоа во печатена форма без да ги искористат придобивките од новите технологии, со многу ограничен тираж и најчесто целиот текст е достапен само на македонски јазик.

Главниот проблем со пристапот до знаење што се наоѓа во научните списанија надвор од Македонија е цената на претплата. Главниот проблем во Македонија е недостатокот од интерес и иницијатива кај институциите, што води кон незастапеност на македонската научна заедница во светската научна заедница и општата јавност, што во комбинација со јазичните бариери резултира во многу мала достапност.

Промоцијата на отворениот пристап во македонската научна заедница ќе се одвива во две фази: подигнување на свест и имплементација на конкретни проекти.

Подигнувањето на свеста ќе опфаќа јавни настани, како што се предавања и работилници коишто ќе се одржуваат во академските институции и ќе бидат наменети за предавачи и студенти. Исто така, тие ќе бидат корисни за поголема промоција на концептот меѓу јавноста, преку објавување вести за нив заедно со мислења, колумни и написи со објаснувања.

Овие напори ќе ги потенцираат развојните, економските и образовните придобивки од употребата на отворениот пристап, како и неговата корисност како алатка за промоција на Македонија како бренд и истражувачи, особено преку публикација на други форми на рецензирани научни истражувања, како што се магистерски и докторски тези, како дополнување на написите објавени во професионални списанија.

Втората фаза ќе се заснова на директна соработка со академските институции (факултети) коишто, исто така, се издавачи на локални научни списанија во нивните области. Метаморфозис ќе понуди знаење, софтвер, веб-хостинг и други форми на помош за институциите што се волни да направат веб-сајтови за нивните списанија, на македонски и англиски јазик. Оние коишто немаат капацитет за дигитализирање и објавување на нивните содржини на интернет ќе бидат вклучени во креирањето на институционална архива којашто ќе овозможи собирање и зачувување на нивните интелектуални трудови.



вива, а некои финансиери планираат централни архиви коишто би ги содржеле написите на корисниците на нивните грантови.

Ако сте загрижени дека издавачите на списанија би можеле да имаат рестрикции на авторските права коишто би ве спречиле самостојно да ги архивирате вашите написи, тоа нема да се случи во најголемиот број случаи. Тековните политики на издавачите за самостојното архивирање и авторските права детално се опишани на веб-сајтот на проектот СХЕРПА (SHERPA) во Универзитетот во Нотингем.

Списанијата со отворен пристап се рецензирани списанија до чиишто написи секој може бесплатно да пристапи онлајн. Често, тие можат да се издадат и во печатена верзија. Некои, главно оние коишто се објавени од универзитетска катедра или со значителна финансиска помош, не наплаќаат ниту за авторот, ниту за страниците. Други, пак, наплаќаат за објавување на написот, според традиционалниот модел каде што библиотеките плаќаат за пристап до содржината на списанието преку претплата. Оваа сума може да биде платена од авторот(ите), но најчесто е финансирана од грант за истражување или институционални фондови. Вашата институција можеби веќе одлучила да плаќа за да се објавуваат написи со отворен пристап, или можеби вашето

## Електронски информации за библиотеки (ЕИФЛ.нет)

ЕИФЛ.нет (Електронски информации за библиотеки) е независна фондација чијашто е да спроведува, преговара, поддржува и застапува широка достапност на електронски ресурси до библиотеки-корисници во земјите во транзиција и развој. Главниот фокус на фондацијата е да преговара за добивање поволни цени за претплата врз основа на мултидржавен конзорциум, притоа поддржувајќи го формирањето и развојот на националните конзорциуми на библиотеки во земјите-членки.

ЕИФЛ е формирана во октомври 1999 година како иницијатива на Институтот отворено општество (ИОО). Во 2002 година еИФЛ стана независна фондација којашто делумно е поддржана од ИОО. Новата Фондација еИФЛ функционира како агент за националните конзорциуми-членки којшто ги застапува нивните интереси. Покрај преговори во име на нејзиното членство, еИФЛ нуди обуки, консултации и други услуги.
Основните принципи коишто се основа за активностите на еИФЛ.нет се:

- Пристапот до информации е суштествен за образованието и истражувањето и има директно влијание врз општествениот развој,
- Комбинираната куповна и преговарачка моќ на библиотеките може да обезбеди поволен и одржлив пристап до електронски информации во земјите во транзиција,
- Растот на моќта на граѓаните и ширењето на демократијата зависи од рамноправниот пристап до информации низ светот: еИФЛ се обидува внесе рамнотежа на ова поле.

Главните цели на еИФЛ.нет се обединувањето на моќта за купување на голем број библиотеки, застапување на библиотеките и нивните конзорциуми во преговори со продавачите и креаторите на информациски ресурски, како и пред креаторите на политики и донаторите. Исто така, еИФЛ се стреми да ја зголеми понудата на производи, да ја зголеми разновидноста на достава и финансиски модели за што поголема разновидност со цел задоволување на потребите на своите членки, да го прошири своето членство, да понуди споделување на знаење и ресурси меѓу членовите и да понуди повеќе модели за понуда и финансирање за да одговори на разните барања.

еИФЛ сега обединува над 2 200 библиотеки во 50 земји со население од околу 800 милиони луѓе.

## Иницијатива за отворен пристап од Будимпешта

Иницијативата за отворен пристап од Будимпешта претставува конференција организирана од Институтот отворено општество на 1 и 2 декември 2001 година. Овој мал собир на индивидуалци се смета дека е еден од најважните историски и решавачки настани во историјата на движењето за отворен пристап.

Насловната реченица на Иницијативата за отворен пристап од Будимпешта ја објаснува смислата на движењето за отворен пристап и неговиот потенцијал. Таа гласи: „Старата традиција и новата технологија се сплотија за да овозможат досега незабележано јавно добро". Старата традиција се академските истражувачи кои ги даваат резултатите од своите истражувања. Факултетите при универзитетите се платени од универзитетите и/или од донатори да истражуваат и од нив се очекува да ги претстават резултатите во рецензирани списанија. Истражувачот не добива парична награда за тоа што ги запишал и ги објавил резултатите. Новата технологија е интернетот. Заедно, академските истражувачи и интернетот им овозможуваат на сите низ светот слободно и отворено да споделуваат знаење.

До октомври 2006 година Иницијативата ја потпишале 375 организации и 4241 лица.

тело за финансиска помош го прифатило плаќањето каде дел од својата политика. Списокот на тела за финансиска помош коишто изрично доделуваат фондови за оваа намена се наоѓа на веб-сајтот на БиоМед Централ (**BioMed Central**). БиоМед Централ е познат издавач со отворен пристап што издава над 100 списанија. Друг пример за списанија со отворен пристап се списанијата на Јавната библиотека на науките (**Public Library of Science**), ПЛоС Медицина (**PLoS Medicine**) и ПЛоС Биологија (**PLoS Biology**).

Ако авторот се наоѓа во тешка финансиска состојба, БиоМед Централ, Јавната библиотека на науките и други издавачи на списанија со отворен пристап не наплаќаат за објавување. Сумите што ги наплаќаат списанијата со отворен пристап значително се разликуваат, но само за илустрација, БиоМед Централ наплаќа 330 британски фунти за напис во повеќето негови списанија, додека Јавната библиотека на науките наплаќа 1.500 американски долари (800 британски фунти). Во 2004 година ЈИСЦ (**JISC**) склучи договор со БиоМед Централ во името на британските институции да не им наплаќаат на авторите за објавување во околу 90 биомедицински списанија.

Друга форма на отворен пристап може да се најде во „хибридните" списанија. Тоа се публикации што дозволуваат написот објавен онлајн да биде пристапен за сите бесплатно доколку авторот се согласи да плати за публикацијата. Пример за хибридно списание е Записи на Националната академија на науките, коешто дозволува написот да биде со отворен пристап за сума од 1.000 долари.

## Берлинска декларација за отворен пристап до знаење од природните и општествените науки

Берлинската декларација за отворен пристап до знаење од природните и општествените науки е донесена за време на конференцијата одржана од 20 до 22 октомври 2003 година во Берлин. Околу 183 организации од целиот свет досега ја потпишале декларацијата којашто се залага за промовирање на интернетот како функционален инструмент за глобална база на научно знаење и за определување на мерки коишто треба да бидат земени предвид од страна на истражувачи, истражувачки институции, донатори, библиотеки, архиви и музеи.

Во Декларацијата стои:
„Ако информацијата не е широко и навремено достапна до сите, тогаш нашата мисија за ширење на знаење е само половично исполнета. Новите можности за ширење на знаењето не само преку класичната форма туку и преку концептот на отворен пристап на интернет мора да се поддржат. Отворениот пристап го дефинираме како сеопфатен извор на човеково знаење и културно наследство одобрено од академската заедница.
За да се реализира визијата за глобално и пристапно претставување на знаење, идниот интернет треба да биде одржлив, интерактивен и транспарентен. Алатките за содржина и софтверот мора да бидат компатибилни и достапни за сите.
Свесни сме дека процесот на преоѓање на отворен пристап го менува ширењето на знаење од правен и финансиски аспект. Нашите организации се стремат да најдат решенија коишто ќе го поддржуваат понатамошниот развој на постојните правни и финансиски рамки за да се поддржи оптималното користење и пристап."

## Зошто авторите треба да обезбедат отворен пристап до нивните дела?

Постојат се повеќе докази што покажуваат дека истражувачките написи што се самостојно архивирани се многу почесто цитирани од оние кои не се самостојно архивирани. Во повеќето области постои најмалку двојно зголемување на стапката на цитираност. Исто така, истражувачкиот круг, во којшто делото е објавено, читано, цитирано и унапредено од други истражувачи, е подобрен и забрзан ако резултатите се достапни врз база на отворен пристап. Претпоставуваме дека и вие претпочитате да можете лесно и без никакви ограничувања да пристапите до сите написи што треба да ги прочитате и да ги искористите за вашето истражување.

## Дефинирање на придонеси со отворен пристап

Воведувањето на отворениот пристап како корисна процедура во идеален случај бара активна посветеност на секој индивидуален креатор на научно знаење и имател на културно наследство. Во придонеси со отворен пристап спаѓаат оригинални резултати од научни истражувања, необработени податоци и мета-податоци, изворни материјали, дигитални претставувања на визуелни графички материјали и мултимедијални материјали.

Секој придонес со отворен пристап мора да ги задоволи следните два критериуми:

- Авторот(ите) и имателот(ите) на авторските права им даваат на сите корисници слободно, неотповикливо, широко право на пристап и дозволуваат да го копираат, дистрибуираат, емитуваат и прикажуваат делото во јавност и

### Македонски електронски библиотеки

**Македонски електронски библиотеки** (МеБ) се конзорциум на библиотеки и сродни институции кои се здружени со цел да ја прошират својата библиотечна функција од информација-на-хартија до дигитализирани служби и информации. Функцијата се остварува со координирана набавка на електронски ресурси за членките, со водење активности за да се подобри информациско - технолошката (ИТ) инфраструктура во Република Македонија и да се осовременат библиотечните служби во правец на здобивање со дигитални содржини.

Во МеБ можат да се зачленат библиотеки од сите видови (универзитетски, истражувачки, медицински, народни, градски, специјализирани, и др.), научно-истражувачки институции, невладини организации кои нудат јавен пристап до информации од областа на културата и образованието, владини библиотеки или служби со информативна или истражувачка функција.

Мисијата на МеБ е да ги засили функциите на традиционалните библиотеки во согласност со современото информациско општество. На тој начин ќе биде овозможено библиотеките навистина да станат центри на информацијата, културата, образованието и комуникацијата на заедницата, според критериумите на Пулман манифестот.



Визија на МеБ претставува создавање македонска мрежа на е-библиотеки во координирана промоција на слободен пристап до информации за секого.

Целите на МеБ се градење ИТ инфраструктура за членките на МеБ, координирани набавки на електронски информации и дигитални библиотеки за науката, образованието и културата.

Првиот конзорциум на е-библиотеки во Македонија е формиран на 17 април 2003 година кога се одржа генерално собрание на директорите на народните библиотеки и сродните институции во НУБ Св. Климент Охридски Скопје.

## Архива на списанија со отворен пристап

Целта на архивата на списанија со отворен пристап е да го олесни користењето на научни и академски списанија со отворен пристап, промовирајќи го нивното користење и влијание.
Архивата се стреми биде што посеопфатна и да ги вклучи сите научни и академски списанија со отворен пристап коишто имаат систем за контрола на квалитетот којшто го гарантира квалитетот на содржината.
За да биде вклучено во архивата на списанија со отворен пристап секое списание треба да исполни неколку критериуми:




Опсег:

- Тема: сите научни и академски теми се покриени
- Типови на ресурси: научни и академски списанија коишто објавуваат целосни извештаи за истражувања или рецензии.
- Прифатливи извори: академски, владини, комерцијални, непрофитни приватни извори
- Ниво: истражувачите ќе бидат примарна целна група за списанијата
- Содржина: поголемиот дел од содржината на списанието треба да биде посветена на документи од истражувања. Целиот текст треба да има можност за пребарување
- Сите јазици

Пристап:

- Целата содржина е достапна бесплатно
- Регистрација: прифатлива е регистрација на корисници преку интернет
- Отворен пристап веднаш

Квалитет:
Контрола на квалитет: за да биде вклучено во архивата на списанија со отворен пристап списанието треба да го контролира квалитетот на содржините преку уредник, уреднички одбор и/или систем за рецензии.

да прават и дистрибуираат адаптирани дела, на секаков дигитален медиум за секаква намена ако се наведе авторот (стандардите што се применуваат, како до сега така и во иднина, ќе продолжат да обезбедуваат механизми за наведување на авторот и изворот на делото), како и право да направат неколку печатени копии за нивна лична употреба.

- Целосна верзија на делото и сите пропратни материјали, вклучувајќи и копија од дозволата од авторот, во соодветна стандардна електронска форма се депонира (а со тоа и се објавува) во најмалку едно онлајн складиште користејќи одржливи технички стандарди (како што се дефинициите на Отворен архив) што е поддржано и одржувано од академска институција, научно здружение, владина агенција или друга организација којашто има за цел да овозможи отворен пристап, непречена дистрибуција, интероперабилност и долгорочно архивирање.

## Дополнителни информации и ресурси

### Иницијативи за отворен пристап на ЈИСЦ

**Програмата ФАИР** (FAIR Programme) на ЈИСЦ оценува и истражува нови механизми за делење пристап до институционални ресурси: **www.jisc.ac.uk/programme_fair.html**

Проектите **ДЕДАЛ (DAEDALUS) и ТАРДис (TARDis)** ги истражуваат новите модели на градење ефикасни институционални складишта: **www.lib.gla.ac.uk/daedalus** и **http://tardis.eprints.org**

Проектот **еИзданија ОК** (ePrints UK) работи на развивање национални услуги фокусирани на определени дисциплини за пристап до е-изданија од складишта со отворен пристап: **www.rdn.ac.uk/projects/eprints-uk**




## Архиви со отворен пристап и самостојно архивирање

Веб-сајтот Епринтс.орг содржи општи информации за архиви со отворен пристап, вклучувајќи и список на постојни архиви и упатство како да се направи таква архива: **www.eprints.org**
За најдобри пребарувачи за отворени архиви погледнете: ОАИстер **www.oaister.org** и Сајтбејс **http://citebase.eprints.org/cgi-bin/search**

Проектот СХЕРПА развива архиви со отворен пристап во голем број универзитети на кои има истражувања: **www.sherpa.ac.uk**
Издавачите можат да ја проверат политиката за дозволи на: **www.sherpa.ac.uk/romeo.php** и од списание на: **http://romeo.eprints.org**

Именикот на складишта на документи со отворен пристап е пилот-услуга и нуди меродавна листа на складишта на документи со отворен пристап **www.opendoar.org**

## Списанија со отворен пристап

За повеќе информации околу БиоМед Централ, најголемиот издавач на списанија со отворен пристап посетете го веб-сајтот **www.biomed-central.com**

За список на тела коишто доделуваат грантови за плаќање на трошоците за објавување погледнете на **www.biomedcentral.com/info/about/apcfaq#grants**

## Google Scholar

Google Scholar нуди едноставен начин за опсежно пребарување за научна и академска литература. Преку него може да се пребарува низ разни извори: рецензирани документи, тези, книги, извадоци и написи од академски издавачи, професионални здруженија, универзитети и други научни институции.

Google Scholar ги има следните карактеристики: пребарување на разни извори од едно место, пронаоѓање на документи, извадоци и цитати, лоцирање на целосен документ преку вашата библиотека или на интернет, информации за најважните документи во секоја област на истражување.

Google Scholar ги сортира написите на начинот на којшто тоа го прават истражувачите - го оценува целиот текст на секој напис, авторот, публикацијата во којашто написот е објавен и колку често е тој цитиран во друга научна литература. Најрелевантните резултати секогаш се појавуваат на првата страна.

Google Scholar соработува со академските издавачи за да ги индексира сите истражувачки дисциплини и да ги направи пребарливи.

Секој од резултатите од пребарувањето претставува тело од научно дело. Тука може да бидат вклучени повеќе сродни написи, па дури и неколку верзии од еден ист напис. На пример еден резултат може да вклучи група написи како што се напис од конференција, напис од списание, напис од антологија, а сите тие се поврзани се едно исто истражување. Ваквото групирање на написи дозволува поточно мерење на влијанието што го има едно истражување и овозможува подобро претставување на различни пребарувања во една иста област.

Секој резултат содржи библиографски информации, како што се наслов, име на авторот и извор на публикацијата. Дел од библиографските податоци се во врска со цела група на сродни написи. Овие библиографски податоци се базирани врз информациите од написите во групата, како и врз цитирањето на овие написи во други научни дела.





За Јавната библиотека за наука погледнете **www.plos.org**

За најнова верзија на список на списанија со отворен пристап погледнете **www.doaj.org**

## Цитирање на отворен пристап и студии за влијание

Првата студија за зголеменото влијание на написите за истражувања со отворен пристап беше од Стив Лоренс **www.nature.com/nature/debates/e-access/Articles/lawrence.html**

Потоа следеа студии од Мајкл Курц **http://cfa-www.harvard.edu/~kurtz/jasist1-abstract.html** и **http://cfa-www.harvard.edu/~kurtz/jasist2-abstract.html**

Последното дело за влијанието на написите со отворен пристап е од Харнад и Броди **www.dlib.org/dlib/june04/harnad/06harnad.html**

## Други ресурси за отворен пристап

**http://www.arl.org/sparc/**
**www.arl.org/sparc/soa/#forum**
Американски форум за дискусии на научници (главно за истражувачи)

**http://amsci-forum.amsci.org/archives/American-Scientist-Open-Access-Forum.html**

### Корисни веб-сајтови за повеќе информации

**www.wikipedia.org**
Слободна енциклопедија којашто секој може да ја уредува

**www.mk.wikipedia.org**
Википедија на македонски јазик

**www.sq.wikipedia.org**
Википедија на албански јазик

**www.doaj.org**
Архива на списанија со отворен пристап

**www.eifl.net**
Фондација „Електронски информации за библиотеки"

**w3.nubsk.edu.mk**
Македонски електронски библиотеки

**www.digitalbookindex.com**
Директен пристап до бесплатни дигитални книги на интернет

**www.inasp.info**
Архива на бесплатни онлајн ресурси со отворен пристап

**www.archive.org**
Интернет-архива за пристап до историски колекции во дигитален формат

**www.oa.mpg.de**
Берлинска декларација за отворен пристап до знаење од природните и општествените науки

**http://www.royalsoc.ac.uk/**
Royal Society - Британска академија на науки и уметности

Фотографии: **Фондација Метаморфозис**

Основа на документов е „Open Access - Briefing paper", напишан од Алма Сван од Клучни перспективи (Key Perspectives Ltd) за ЈИСЦ, а преведен, прилагоден и дополнет од тимот на Метаморфозис. ЈИСЦ и Фондацијата Метаморфозис ги задржуваат соодветните авторски права над текстовите и фотографиите објавени во овој водич.
(Македонско издание: ноември 2006 година)

МЕТАМОРФОЗИС
Фондација за одржливи информатички решенија

**Метаморфозис** е независна, непартиска и непрофитна фондација со седиште во Скопје, Република Македонија. Нејзини главни цели се развој на демократијата и просперитет преку промоција на економија базирана на знаење и информациско општество.

Адреса за контакт: Фондација Метаморфозис
ул. „Наум Наумовски - Борче" 88-а
1000 Скопје, Македонија

телефон: +389 2 3109 325
факс: +389 2 3225 206
ел. пошта: **info@metamorphosis.org.mk**
веб-сајт: **www.metamorphosis.org.mk**

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје
004.738.5:02
Отворен пристап. - Скопје : Фондација Метаморфозис, 2006. - [8] стр. : илустр. ; 30 см. - (Водич за ИКТ на Метаморфозис ; бр. 2)
ISBN 9989-2451-5-0
а) Интернет - Отворен пристап
COBISS.MK-ID 67237130